**ОГЛАС ЗА ЛИКОВЕН ИЛУСТРАТОР/ГРАФИЧКИ ДИЗАЈНЕР**
**(до 4 позиции)**

Бирото за развој на образование има потреба од ликовни илустратори/графички дизајнери со искуство во изработка на детски илустрации.

**Од кандидатите се очекува**:

- да имаат одлични комуникациски вештини и способност да преточат текстови, концепти и идеи во креативни и примамливи детски илустрации;
- да соработуваат со групи на експерти коишто работат на подготовка на учебници, наставни материјали и други ликовни илустратори/графички дизајнери со цел да се обезбеди унифициран стил и квалитет;
- да изработуваат дизајни (слики) врз основа на скицирани шеми, пишан материјал или насоки од експертите;
- да поседуваат високо ниво на креативност, внимание на детали и ефикасност во работење во услови на многу кратки рокови и истовремено на повеќе различни наставни материјали;
- да се мотивирани, само-иницијативни и да работат ефикасно без многу надзор.

**Образование:** Диплома или соодветно искуство во графички дизајн

**Искуство:** Потребно е минимум од две години работно искуство во графички дизајн или сродна област. Одлично познавање и работа во Photoshop и Illustrator.

**Времетраење:** ангажманот е во траење од четири месеци: од 15 април до 15 јули 2021 год.

**Работни услови**: работа од дома. Од избраниот кандидат се очекува да има средби и состаноци во живо или преку некоја од веб апликација со членовите на работните групи кои работат на пишаните материјали.

**Како да аплицирате:** Сите заинтересирани треба да достават најмногу 5 (пет) сцени со илустрации на детски и возрасни ликови со позадина, во електронски формат и во боја. Пожелно е илустрациите да претставуваат целосна композиција и образовен контекст. Сите илустрации задолжително треба да бидат авторски. Илустрациите треба да се достават на следната е-адреса: bro.macedonia@bro.gov.mk најдоцна до 20 април 2021 година.